ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15 – 222/12**

**Дата:** 05.08.2013

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово на сметката за основниот буџет (603) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2007 година и изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2012 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирано е дека Основен суд Куманово: преземал улога на гарант за подмирување на заостанатите рати за вработените во судот, во случај на отказ или раскинат работен однос; не се преземени доволно мерки заради примена на пропишаните интерни контролни процедури, заради обезбедување на систем за ефикасно финасиско управување и контрола и намалување на ризикот од погрешни плаќања; не извршил усогласување на фактичката состојбата на материјалните средства, залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар со нивните сметководствени вредности, не е извршен попис и усогласување на обврските согласно законските одредби и не е обезбедена потврда за правниот основ на обврските и причините за нивно неизмирување; извештајот за извршениот попис на средствата и изворите на средства во 2012 година не содржи податоци за залихите на материјалите со кои располага судот и

нема воспоставено сметководствена евиденција на набавката и трошењето на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар.

Законскиот застапник на Основниот суд Куманово потребно е да продолжи со превземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/5 од 13.06.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Основен суд Куманово, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на Основен суд Куманово и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Сефер Мехмети, Претседател на Основен суд Куманово во известувачкиот период

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Куманово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/03/2013 до 31/03/2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2007 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се утврди дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки (Преглед I).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Куманово– предмет на ревизија, одржан на ден 16 мај 2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/5 од 13.06.2013 година.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли во процесот на плаќање, ревизијата утврди дека во Основен суд Куманово не се преземени доволно мерки за примена на пропишаните интерни контролни процедури, со цел обезбедување на систем за ефикасно финансиско управување и контрола. Имено, во изминатиот период во судот е пропишан и донесен: „Интерен акт за контрола за извршување на буџетот на ОС Куманово" Су.бр.480/10 од 01.03.2010 година. Со ревизијата во известувачкиот период ги констатиравме следните слабости во интерните контроли:

- Исплатата на надоместоците за дежурство на судии, возачи, дактилографи и преведувачи да се врши без претходно донесување на распоредот и времетраењето на дежурствата од страна на претседателот на судот, заради обезбедување на потврда на точноста помеѓу планираните и реално остварените дежурства, што не е во согласност со членот 96 од Законот за судовите и членот 293 од Судскиот деловник;
- Исплата на надоместокот за адвокати да се врши врз основа на документот „Решение", во кој е определена висината на надоместокот од страна на судијата. Од извршениот увид во документацијата, ревизијата утврди дека исплатата на надоместоците за адвокати се врши без обезбедување на потврда за извршена претходна проверка и споредба на усогласеноста на износот наведен во решението и износот наведен во актот од судијата, ниту прилог од калкулација или пресметка од која јасно и недвосмислено ќе може да се потврди дали надоместокот

определен од страна на судијата е пресметан во согласност со одредбите од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите;

- Исплатата на надоместоците за дежурство, адвокати, судиите поротници, вешти лица, преведувачи и волонтери се врши без обезбедување на потврда за извршена контрола со потпис на сметководствениот документ од страна на Преседателот на Комисијата за спроведена ex-ante контрола заради одобрување на извршувањето на трансакцијата; потпис за извршена контрола врз документите и нивните прилози, од страна на сметководителот, како потврда за извршена контрола пред извршување на плаќањето заради негово одобрување и потпис за извршена ex-post контрола од страна на Комисијата најмалку два пати годишно. Наведената состојба не е во согласност со дел VIII од „Интерниот акт за контрола на извршување на судскиот буџет„ или од него овластено лице, со кој ќе се гарантира дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената трансакција.

Наведената состојба не е во согласност со членовите 7 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што влијае врз зголемување на ризикот од можна појава на грешки и ненаменско трошење на буџетски средства.

На ден 17.12.2012 година донесен е интерен акт „Внатрешни процедури за финансиско и материјално работење“ заведен под број Су.бр.2118/12 од 17.12.2012 година.

**Препорака**
Одговорното лице да преземе мерки со кои ќе обезбеди доследна примена на пропишаниот систем на внатрешна контрола дефиниран со интерните контролни процедури на судот.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во Основен суд Куманово, е воспоставена пракса на склучување договори помеѓу судот и разни правни лица, со кои на вработените во судот им се овозможува купување на разни производи од разни правни лица преку одложено плаќање на повеќе рати, а со претходно издавање на заверена потврда дека лицето е во работен однос во судот на неопределено работно време. Фактурата за купените производи се доставува до судот каде во сметководството се евидентираат обврските кои вработеното лице ги има по овој основ, а потоа при пресметка и исплата на плата и надоместоци од плата, се пресметуваат и се одбиваат задршки од плата по основ на намирување на доспените износи за купени производи на рати од разни добавувачи.

Притоа, во случај на отказ или раскинување на работниот однос помеѓу корисникот на услугата (вработениот) и судот, согласно член 5 од склучените договори, Основен суд Куманово е обврзан да ги подмири заостанатите рати за преостанатиот долг од примањата на лицето должник.

Со склучување на овие договори, судот се става во неповолна состојба, бидејќи со преземањето на улогата на гарант, заради подмирување на приватни финансиски обврски на своите вработени кон трети лица, може да влијае врз создавање на идни финансиски обврски и создава можност од дополнително финансиско оптоварување за судот во идни периоди.

Наведената состојба не е во согласност со член 7 и член 37-в став 2 од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, според кој буџетските корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот односно одобрените средства да ги користат наменски. Исто така, Судот, согласно член 530 од Законот за облигационите односи не смее да склучува договори за продажба со отплата на цената на рати, бидејќи овој вид на договори се применуваат само ако во улога на купувачот се јавува поединец, а не и правно лице како што е судот.

**Препорака**

Раководното лице на Основен суд Куманово да преземе мерки со кои ќе се раскинат склучените договори за продажба на стоки на рати и да ја прекине воспоставената пракса.

### 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Извршен е попис на средствата и изворите на средства во Основен суд Куманово со состојба 31 декември 2012 година. По извршениот попис, пописната комисија издала Записник и Извештај за попис на средствата, побарувањата и обврските во Основен суд Куманово во 2012 година Су.бр. 337/13-1 од 04.02.2013 година. Извештајот од извршениот попис е усвоен од страна на Претседателот на судот.

Со увид во документацијата од спроведениот попис, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти, и тоа :

- „Комисијата за попис на постојани средства и ситен инвентар, за попис на побарувања и обврски, за попис на готовината во благајната и парични средства на сметките", не била во можност да изврши усогласување на фактичката состојбата на материјалните средства, залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар со нивните

сметководствени вредности, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Пописната комисија податоците за основните средства, материјалите на залиха и ситниот инвентар, во пописните листи ги внела поединечно во натурални показатели, но не и со парични вредности што не е во согласност со член 31 став 1 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Основните средства и ситниот инвентар во Судот немаат инвентарен број и од тие причини пописната комисија неможела да ја усогласи фактичката со материјалната и со сметководствената евиденција.

- Пописната комисија не извршила попис и усогласување на обврските согласно одредбите на член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, како и наведување на информации за правниот основ на обврските и причините за нивно неизмирување.
- Извештајот за извршениот попис на средствата и изворите на средства во 2012 година не содржи податоци за залихите на материјалите со кои располага Основниот суд Куманово.

Неизвршениот или нецелосно извршениот попис претставува можност од нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември .

**Препорака:**

Раководителот на субјектот да преземе активности за ангажирање на:

- вработени кои ќе извршат поставување на инвентарни броеви на материјалните средства.
- судски службеници кои ќе извршат правилно инвентарисување на основните средства и залихите на материјали и ситниот инвентар.

4.3.2. Во Основен суд Куманово нема воспоставено сметководствена евиденција на набавката и трошењето на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така, Судот нема изготвено сметководствени политики за начинот на евидентирање и искажување на залихите како и утврдување на метод врз основа на кој ќе се вреднува истата, што не е во согласност со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.33, и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

Отсуството на сметководствени политики за залихите и невоспоставената сметководствена евиденција на набавката и издавањето на истите, не овозможува согледување на состојбата и движењето на залихите и влијае на

реалното и објективно искажување во финансискиот извештај – биланс на состојба

**Препорака**
Раководителот на субјектот да превземе активности за пропишување/донесување на сметководствена политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција и да обезбеди нивна практична примена.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 4.3. е: не извршено усогласување на фактичката состојбата на материјалните средства, залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар со нивните сметководствени вредности, нецелосно извршен попис и усогласување на обврските согласно законските одредби, необезбедени податоци за залихите на материјалите со кои располага судот и невоспоставена сметководствена евиденција на набавката и трошењето на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар, чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3. финансискиот извештај – биланс на состојба не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Куманово на ден 31 декември 2012 година.

Според наше мислење, финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината се вистинито и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во ТОЧКИТЕ 4.2.1. и 4.3.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Куманово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Одредбите на член 109, став 2 од Законот за судовите упатуваат дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор и член 3 став 2 од Законот за судска служба кој упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, при што за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, ....25/13).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 130/09) е утврдена обврската „Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон" односно најкасно до 4 мај 2010 година, а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

Исто така со одредбите на член 8 од Законот за минимална плата во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 11/12) е утврдена обврска за усогласување на постојните колективни договори во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на наведениот закон[1].

До денот на ревизијата не се превземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и
- усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усогласување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

  Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

[1]Законот за минимална плата е донесен на ден 24.01.2012 година а стапува во сила на ден 01.02.2012 година.

6.2. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 62/06, 35/08, 150/10 и 39/12) е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на Судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот Буџет („Службен весник на Република Македонија“ 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10).

Со одредбите на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се предвидува делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници да го достигне предвидениот процент од 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година. Во 2012 година предвидено е истиот да достигне ниво од 0,5% од БДП. Но, имајќи го во предвид изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2012 година (“Службен весник на Република Македонија“ број 71 од 07.06.2012 година), нивото на обезбедени средства изнесува 0,38% поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за непречено функционирање на судската власт.Основен суд Куманово на Република Македонија со состојба 31.12.2012 година има пренесено неподмирени преземени обврски во износ од 22.596 илјади денари. Со Одлуката за конечна годишна распределба на Буџетот за 2012 година на Основен суд Куманово на Република Македонија му се одобрени 7.726 илјади денари[2] додека извршените расходи за истата година изнесуваат 7.698илјади денари.

Во известувачкиот период состојбата на неподмирените обврски спрема добавувачите, на ден 31 декември 2012 година, изнесува 22.596 илјади денари. Од извршената анализа на обврските во однос на претходните 2010 и 2011 година се забележува тренд на нивно зголемување, при што во однос на 2011 година (16.607 илјади денари) искажаните обврски се зголемени за 36%, а во однос на 2010 (9.723 илјади денари) се зголемени за 132,40%. Опишаната состојба влијае врз ликвидноста и солвентноста на судот како и на условите во кои го извршува своето редовно работење. (Графикон).

[2] Одобрени средства на поткатегорија 42 – Стоки и услуги.

**Анализа на неподмирени обврски во ОС Куманово за периодот 2010-2012**




Необезбедувањето на потребните средства за подмирување на обврските на Основен суд Куманово на Република Македонија влијае на: условите за извршување на надлежностите на Судот; нарушување на едно од основното буџетско начело „сеопфатност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведување во состојба на раководителот на субјектот да превзема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.

6.3. Во Службен весник на Република Македонија бр.115/2010 од 31.08.2010 година, објавен е Закон за вештачење, кој во член 29 го регулира правото на надомест и награда на вештакот за извршената работа. Со увид во сметководствената документација за исплата на надоместоците за ангажираните преведувачи и вешти лица во Основен суд Куманово во 2012 година, ревизијата утврди дека исплатата на овие надоместоци, во вкупен износ од 1.960 илјади денари се врши само врз основа на документот „Решение, во кој висината на надоместокот е определена произволно од страна на судијата, од причина што се уште не е пропишан начинот за пресметување на наградата и надоместокот од страна на министерот за правда, ниту е формирана Комората на вештаци, заради обезбедување на претходно мислење по односното прашање. Наведената состојба остава

простор за субјективно определување на висината на надоместокот по овие основи и ризик од зголемени трошоци.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

7.1 Ревизијата смета дека е потребно да извести дека за Основен суд Куманово во тек се водат повеќе судски постапки во кои субјектот е тужена страна (по разни основи: долг, надомест на штета, работни спорови, стекнување без основ), чија вредност на тужбени барања изнесува 11.405 илјади денари и чиј исход ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги во идни периоди.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 85,737 | 83,199 |
| **Вкупно приходи** | **85,737** | **83,199** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 76,677 | 72,713 |
| Стоки и услуги | 7,698 | 9,739 |
| Субвенции и трансфери | 1,362 | 747 |
| **Вкупно тековни расходи** | **85,737** | **83,199** |
| **Вкупно расходи** | **85,737** | **83,199** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 29,121 | 22,695 |
| Залихи | 39 | 36 |
| **Вкупно тековни средства** | **29,160** | **22,731** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 117,753 | 113,862 |
| **Вкупно постојани средства** | **117,753** | **113,862** |
| **Вкупна актива** | **146,913** | **136,593** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 22,574 | 16,589 |
| Краткорочни финансиски обврски | 22 | 28 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 6,525 | 6,079 |
| **Вкупно тековни обврски** | **29,121** | **22,696** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 117,792 | 113,897 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **117,792** | **113,897** |
| **Вкупна пасива** | **146,913** | **136,593** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **113,861** | **36** | **113,897** |
| **Зголемување по основ на:** | **7,216** | **3** | **7,219** |
| Набавки | 323 | 3 | **326** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | 6,893 | | **6,893** |
| **Намалување по основ на:** | **3,324** | **-** | **3,324** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 3,324 | | **3,324** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **117,753** | **39** | **117,792** |